# ЈАВЕН ПОВИК ЗА

# КРЕАТОН

**ОСТАНИ ДОМА, СПАСИ ЖИВОТ**
**БИДИ КРЕАТИВЕН, ПОМОГНИ**

## ОСНОВНИ ИНФОРМАЦИИ

Во околности на зајакнати мерки за превенција од ширењето на КОВИД - 19 вирусот, кои наметнуваат значителна промена на дневната рутина на целото население, без разлика на старосната група, Фондот за иновации и технолошки развој објавува онлајн предизвик – "КРЕАТОН" за прибирање на идеи за решенија за конструктивно, квалитетно и креативно искористување на времето и прилагодување кон новонастанатите услови за живот под (времено) изменети околности.

## ЦЕЛ

Целта на предизвикот е прибирање на идеи за развој на дигитални и други алатки и решенија наменети за различни старосни групи и категории на граѓани за побезбедно и поквалитетно справување со новонастанатите околности и ограничувања од времен карактер.

Со овој повик ФИТР како одговорна институција се вклучува во напорите за подигање на свеста за почитување на препораките и ограничувањата. Од друга страна целта е да ги поттикнеме и мотивираме граѓаните и организациите да развијат иновативни и креативни решенија за обезбедување на подобар квалитет на животот во овие вонредни околности.

Предложените решенија треба да бидат целосно применливи и во нормални услови, по прекинот на превентивните мерки поврзани со КОВИД – 19 вирусот, како придонес кон забрзана дигитализација на општеството.

## ПРИСТАП

Предложеното решение треба да содржи креативна алатка за онлајн и/или интерактивни активности/анимација. Тие може да бидат наменети за различни категории на граѓани од различни возрасни структури, без ограничување. Решенијата треба да ги мотивираат и поттикнат граѓаните полесно да се прилагодат на новите услови, а при тоа да се задржи одреден степен на квалитет на живот.

## ШТО ТРЕБА ДА СЕ ИЗРАБОТИ

Во првата фаза апликантот треба да достави само предлог проект (концепт), не повеќе од 3 страни, во ворд образец (фонт Arial, 11 - ПРЕЗЕМИ ДОКУМЕНТ ) во кој ќе наведе кусо резиме и образложение на идејата.

Селектираните предлог проекти (концепт) продолжуваат во втора фаза, каде со стручна поддршка од ФИТР ќе изработат план на активности и финансиски план (буџет) по што ќе следи онлајн презентација на предлог проектите и финална селекција од страна на комисијата за избор.
Потоа следи потпишување на договор за реализација со правен субјект (може да се основа пред потпишување на договорот).

## ПРИМЕР НА РЕШЕНИЈА КОИ МОЖЕ ДА БИДАТ ПОДДРЖАНИ:

- Решенија за полесно следење и ажурирање на информациите од властите поврзани со вирусот и превентивните мерки
- Решенија за справување/превенција со ширење на лажни вести
- Решенија за помош на лица со потреба (со целосно почитување на мерките за првенција) (пр. систем за помош/достава на храна за постари лица)
- Решенија за справување со предизвиците со прекинот на воспитно-образовниот процес (дигитални платформи, училници...)
- Решенија за следење на извршувањето на работни обврски на вработени од дома (без ограничување на јавен или приватен сектор, онаму каде е применливо)
- Решенија за квалитетно искористување на слободното време во домот (дигитални книжарници, игри, поврзување и натпревари, учење на странски јазици, квизови...)
- Решенија за одржување на физичката кондиција и дух
- Решенија за надзор/консултација на медицински персонал со болни лица (вклучувајќи и хронично болни) кои имаат потреба од насоки/координација со стручни медицински лица
- Решенија за нудење на услуги за крајни корисници (без ограничување на јавен или приватен сектор, каде е применливо)

*листата не е ограничувачка

## КОЈ МОЖЕ ДА УЧЕСТВУВА

Во прва фаза, предизвикот е отворен за сите поединци, групи, организации и компании кои сметаат дека може да дадат креативен придонес во остварување на овие цели.

Селектираните предлог проекти (концепти) продолжуваат во втора фаза, каде со стручна поддршка од ФИТР ќе изработат план на активности и финансиски план (буџет), по што ќе следи потпишување на Договор за доделување на награда.

Во случај кога предлог проектите се поднесени од страна на поединци, а со цел потпишување на договор, треба да достават доказ, односно договор со правен субјект со кој се регулираат правата и обврските во однос на реализација на проектот и со кој Фондот ќе го потпише Договорот за доделување на награда.

## КАКО ДА СЕ ПРИЈАВИТЕ И РОК ЗА АПЛИЦИРАЊЕ:

Пријавете се на следниот линк **https://forms.gle/bip9LXCzFTT7rBKG7** на кој треба да го прикачите вашиот предлог проект (концепт) најдоцна до **22/03/2020 година до 23.59 ч.**

## БУЏЕТ

Вкупниот буџет за предизвикот изнесува 10 милиони денари, со максимален износ по апликација од 10.000,00 евра во денарска противвредност.
Целосниот износ на средства го обезбедува ФИТР.
Исплатата на средствата ќе се одвива на следниот начин: 70% авансно, по потпишување на договорот, а останатите 30% ќе бидат исплатени по реализација на решението.

Трошоци прифатливи за финансирање во рамки на предлог проектите (концептите) поднесени на натпреварите односно предизвиците се:

- бруто плати - износите на бруто плати за вработените лица ангажирани на проектот треба да соодветствуваат на воспоставените практики на корисникот на наградата пред почетокот на проектот;
- набавка и/или изнајмување на опрема и потрошни материјали за истражување и развој;
- ангажирање на експерти/советници за истражување и развој;
- ангажирање на консултанти за останати потреби директно поврзани со очекуваните резултати на предизвикот (експертиза поврзана со иновациски менаџмент, финансиски менаџмент, мобилизација на дополнителни финансиски средства, бизнис развој, маркетинг, правни работи, заштита на интелектуална сопственост и друго);
- обезбедување на квалитет, стандардизација и акредитација;
- канцелариска и деловна поддршка (наем на деловен простор, режиски трошоци, банкарски провизии, сметководствени услуги, хостинг и слично);
- трошоци за промоција на резултатите на/од проектот;

**Рокот на реализација на проектите е до 15 дена.**

## ИЗБОР И ЕВАЛУАЦИЈА

Претселекција: Евалуацијата на пристигнатите предлог – проекти (концепти) ќе ја врши Комисија за избор и евалуација составена од претставници на ФИТР, МАСИТ, Амбасада на Швајцарија во Република Северна Македонија, УСАИД, УНДП, УНИЦЕФ и други партнери/експерти. По првата фаза, сите предселектирани идеи ќе имаат рок од 48 часа да изработат детален план на активности и предлог буџет. Истото ќе се реализира со поддршка од стручен тим обезбеден од ФИТР.

Финална селекција: Апликантите чии предлог проекти (концепти) ќе бидат избрани во фазата на финална селекција ќе имаат обврска да подготват јавна презентација на предлогот пред Комисијата. Јавната презентација на решенијата и евалуацијата ќе се врши онлајн преку видео – конференциска врска.

## КРИТЕРИУМИ ЗА ЕВАЛУАЦИЈА:

Степен на иновативност
Рок и механизми за реализација
Капацитет на проектниот тим
Влијание

Фондот го задржува правото да преговара со натпреварувачите по однос на дефинирање на активностите и буџетот на проектот на основа на препораки добиени од Комисијата за оценување и избор, пред потпишување на Договор за доделување на награда.
Фондот го задржува правото да не додели награда доколу нема доволно квалитетни предлог-проекти или не се исполнети условите за доделување на наградата согласно овие Правила и условите наведени во Јавниот повик.

## ПОСЕБНИ УСЛОВИ

Избраните решенија ќе бидат целосно и бесплатно достапни до сите граѓани на Република Северна Македонија. Политиката за пристапот и користењето на решенијата за граѓани на други држави ја определува апликантот.

Правила за организирање на натпревари и предизвици:
http://www.fitr.mk/wp-content/uploads/2020/03/Pravila_zapredizvici_natprevari.pdf

Правила за дополнување на Правила за организирање на натпревари и предизвици:
http://www.fitr.mk/wp-content/uploads/2020/03/Pravila_za_dopolnuvanje_na_pravila.pdf